# ИКОНА И ТЕЛЕВИЗИЈА

## обид за поглед кон обратната преспектива





**Дарко Белев, режисер**

Текстот кој следи не е обид за преглед, или попис, на појавите или правците во современата културна или пак медиумска воспоставеност: културата и медиумите веќе подолго време се тесно поврзани, без јасно опиплива граница, додека пак набројувањето на сите видливи и активни културни или пак медиумски насоки, и нивните цели, би одзело премногу простор, и несомнено би се соочиле со ризикот, сакајќи да опфатиме што повеќе, на крајот да останеме неразбрани заради преголемата сложеност.

Исто така, нема да се обидувам да ги класифицирам културните и медиумските пројавувања, еманации или пак методи, според нивното можно потекло или развој, тежнеење или намена: тоа е област на соодветните научни или практични дисциплини, како историјата на уметноста, теоријата на рекламата, вештината на говорништвото - преточена во слика или звук, преку медиум, секако - бидејќи сето тоа се изучува на соодветните курсеви, семинари или образовни центри.

И покрај тоа што некои од горенаведените појави (во современата култура или на медиумите) би можеле да се толкуваат и од духовен аспект, барем што се однесува до нивните ефекти, сепак е подобро ова да се остави на личната проценка и доживување на читателот, кој најдобро ќе види, преку своето лично доживување, кои се последиците од консумацијата на најголемиот дел од медиумските пораки присутни денес, секако, проверувајќи го своето размислување низ преданието на Црквата, во нејзината вечно жива соборност, која и самата нè води и приведува кон вечниот живот.

Едноставно ќе се обидеме, накусо, и без особени претензии, и без намера да оставиме некого навреден, да повлечеме паралели, или поврзаности, меѓу веќе присутните нешта во културата и медиумите околу нас, притоа секако изоставувајќи ги очигледните и секому јасни методолошки или концептуални текови. Однапред им се извинувам на сите што би биле погодени од згуснатоста и директните, понекогаш потешко разбирливи поврзувања низ историјата или различните дисциплини, или пак од моето недоволно познавање на истите... Но, подобро е, според мене, да ја прифатам можноста од некого да бидам искритикуван или исправен, во овој случај разговорот е покорисен од молчењето.

Вредноста и силата на визуелното, и моќта на носечката му симболика, е повеќе од очигледна. Нашиот свет, светот во кој живееме, и неговата култура, се темели на визуелното, на сликата. *Како нацртан... Како на филм...* Сликата е дел од нашето живеење - и речиси и да не можеме без неа, било да е подвижна или неподвижна. Вистина, сликата може да замени илјадници зборови. Но што всушност ни соопштуваат сите тие слики, како на крајот дејствуваат врз нас, дали ја постигнуваат целта? Зошто воопшто толку многу слики околу нас, што значат тие, која е нивната врска со нашиот, со мојот живот?

Сликарство, скулптура, театар, весник, списание, телевизија.... Низ историјата на културата (и на медиумите) набројаниве појави, или изразни средства, си последуваат, а понекогаш и се испреплетуваат, влевајќи се на крајот во една порака, трагајќи по убавото, по вредното, по вистината. Желбата на секој човек. Уште подлабоко, потребата на секој човек, бидејќи човекот несомнено е естетско битие, битие со длабока потреба од убавина. Овде нема да се говори за сите можни дегенеративни појави што можат да произлезат од злоупотребата на оваа желба и жед за убаво, за чисто, за совршено... Да се обидеме, наместо тоа, да застанеме со отворени очи пред очигледната состојба - спомнативе изразни средства, методолошки пристапи, медиумски текови, сè повеќе и почесто се занимаваат со неумереното, со жестокото, со грдото, со насилното, со деградацијата и дезинтеграцијата. Зошто? Каде, кога, како, низ познатата ни историја се случил тажниот и застрашувачки пресврт; дали настапил нагло или бил подготвуван; дали бил прифатен принудно или пак доброволно?! Дали одговорите на овие прашања, ако воопшто ни се достапни, ќе ни се допаднат, дали ќе нè поттикнат на дејствување во насока на убавото или пак ќе нè фрлат во уште поголема апатија? Суштинското прашање, за *волјата кон доброто...* во секого од нас.

Да почнеме од крајот... Телевизорот е дел од нашето секојдневие. *Гледам телевизија...* Речиси совршено остварување на констатацијата на еден од теоретичарите на културата, *медиумот е порака.* Не сум задлабочен во квалитетот или содржината на културното или медиумското кое ми се предава, јас сум поврзан со медиумот. Гледањето телевизија е толку раширена и толку присутна појава, што речиси може да се сведе на ниво на рефлексно дејство. Како храната, како сонот... Телевизорот наметнува функционална воспоставеност, како да ни е потребен. Впивајќи ја нашата потреба за комуникација, значи соборност, телевизорот незабележливо и пополека зазел место во нашиот живот. Но која му е вистинската функција? Зошто телевизија? Дали навистина телевизијата, како што може да се чуе, ги носи неопходните содржини, вести, култура, уметност, без кои не би можеле - заради урбаниот начин на живеење - да функционираме како *homo aestethicus,* како битие жедно за убавото?! Одговорот е, за мене, поразителен. Се крие зад содржините што ги нуди телевизијата. Неквалитетна комерцијална музика, драмски содржини во кои се подигрува со најдлабоките чувства на гледачите, содржини кои наместо уметност видливо нудат неморал, насилство, страв, убиства и страдање од секаков вид а без никаква смисла. (Секоја чест на малубројните кои сеуште се трудат да останат неизвалкани во својата програмска понуда). Содржини на кои би можел да позавиди римскиот Колосеум, со своите крвави гладијаторски игри и претстави привлечни за најниските страсти на публиката. Без оглед што прикажаните драмски содржини се вешто одиграни и режирани, преполни со специјални ефекти, и знаеме дека на крајот актерите остануваат живи подготвувајќи се за следниот филм, ефектот врз нашата душа е ист како римскиот. *Panem et circem...* со нагласок на игрите, а дури и лебот е тука второстепен. Вистинска опивка за народот... но овојпат функционална во својата намена, која успева и да нè задржи дома, далеку едни од други, бидејќи масата гледачи бара голем простор, тешко се обезбедува и задоволува, и може секој момент да излезе од контрола. *Телевизијата најпрво ги задржува луѓето дома.* Дури и (досегашниот) формат на телевизискиот екран, 4:3, е камерен, произлегува директно од т.н. "италијанска кутија", соба, театарска сцена предвидена за изведување на комедија и водвиљ, драми со забавна намена и скокотливи содржини, кои се гледаат само од една страна, однапред.. Телевизорот е, ако вака се гледа, непосредно поврзан со најпопуларните содржини во ренесансниот театар и со - гладијаторските борби во стариот Рим... во своето происходење, во својата *медиумска означеност,* во пораката која во својот знак ја носи. Така и дејствува.



Понатаму... наспроти овој модел на *подвижна слика,* ренесансниот театар, во Европа речиси во исто време, или малку порано, се појавува театарот на кружна сцена, каде гледачите можат да ја следат сликата пренесена во простор, што соодветствува на вистинскиот живот, и каде заради максималната широчина на визуелната претставеност сликата се приближува до крајниот природен опсег на очите, отприлика 90-100° во широчина и 55-60° во вертикала (окото има околу 60° хоризонтален опсег, но заради бинокуларното преклопување кое ни обезбедува просторна перцепција и одредување оддалеченост од објектите, хоризонталниот опсег на двете очи е малку намален) кој, пак, соднос е приближно еднаков на соодносот на кино платното, 16:9, или 1.78:1, кој е најчесто користениот формат за филмски кадар. Не без причина, филмската слика и по својата визуелна механика оддава чувство на исполнетост, која пак нè враќа кон самите себеси, таму каде што и треба да ја побараме вистината, условно речено; додека телевизијата се обидува, во слободна интерпретација, да нè повлече *од себеси нанапред*, во некаков виртуелен простор кој нè остава неисполнети и незадоволни без оглед на времето минато во него. Еден од најсилните примери за ваков театар, кој за мене е многу близок до денешниот филм, е театарот на Шекспир, чија кружна сцена и драми, неретко исполнети со христијанска симболика и морални закони, се лесно разбирливи и полезни за гледачот, упатувајќи го преку сликата пред себе да ја побара вредноста на сликата во себе, и можеби, дури и кон степенот на сопствената вподобеност на Прволикот, чиј образ го носи. Шекспировиот пак театар во културна смисла е непосреден наследник на античкиот грчки *театрон* во амфитеатар, кружна форма позната речиси секому кој бил во допир со кој било учебник по историја на уметноста. Сега, откако се потсетивме на воспоставеностите неопходни за нашата понатамошна анализа, да застанеме накусо на едно од многуте можни толкувања на толку употребуваниот збор, *култура.* Христијанскиот свет на шекспировите драми - секако минимално исполнет и со непријатните гревовни содржини, кои, мислам, дека е сепак неопходно да се напомнат, заради можните последици од посегнувањето по нив - за мене е реална последица од темелната промена во свеста и совеста на човекот, или подобро, на сите луѓе, која се случила при доаѓањето на Спасителот во тело, во нашиов свет: злото е присутно, злото е силно, но злото не е непобедливо, и никако не ќе се осмелиме да му се поклониме, имајќи го Евангелското сведоштво за Христовите искушенија во пустината за време на четириесетдневниот пост. На Шекспир му било секако јасно дека - како што и велат денес некои современи богослови - нема *култура без култ,* без однос и припомнување, без воцеловување и пренасочување, *religare*, кон Прволикот, кон вистинската цел и Вечната Убавина, која не ќе можат да ја изместат од место ниту пак да ја извалкаат сите релативизми и потреси, толку присутни во она што денес ни остана од уметноста. Нема поклон пред гледачите, пред културните консументи, како што тоа денес е модерно да се каже, без поклонение пред Бога.

Уште поблизу кон почетокот, заради нашава анализа, и еве ја непосредната и суштинска поврзаност на уметноста со онтологијата, со животот, која им била толку јасна на родоначалниците на европската култура и уметност, театар, скулптура, музика и сликарство - на античките Грци. Секако, бидејќи живееја пред Христовото доаѓање, од нивниот театар, од нивните *подвижни слики,* никако не ќе можеме да бараме препознавање на вистинската духовност, но самото тежнеење да си го објаснат светот и моралните закони во него преку уметноста е сериозна опомена за сите нас кои се сметаме за нивни *културни* наследници... Во таа смисла, филмот е можеби наследник на шекспировиот, а преку него и на античкиот театар, не за да ни создаде - како што сега една цела индустрија од петни жили се обидува - новоантички и новоримски *пантеон*, и да нè фрли во гладијаторската арена, туку за повторно да нè упати кон себе и во себе, слично на обратната перспектива на православната икона, *сликата која е света и која и самата осветува,* доколку - филмот - се занимава со вистинската *онтологија*, со светлината на себеспознанието преку Богопознанието, притоа не секогаш и неопходно на непосреден и јасен начин. За мене денешниот филм (не говорам за ретките и осамени обиди да се работи според совеста) - е сериозно злоупотребен.

И, во таа смисла воопшто не е случаен предренесансниот премин од свети слики до свети скулптури во Западната црква, изработени по сушт антички модел, поставувани во храмовите, чија заведувачка (којашто води во погрешна насока!) убавина лесно и брзо ги одвела своите набљудувачи, *гледачи,* молитвеници - откако револуциите и војните кои ја немале телевизијата за да ги задржи луѓето дома им ги одзеле онтолошките вредности - право до поклонението пред непреобразениот ерос, кое е плод на векот кој тукушто остана зад нас, оставајќи нè преплавени со слики, подвижни и неподвижни, веќе изграден виртуелен пантеон, кој привлечно мами на присутност во него, но овојпат на далечина, пренесен до нашиот дом... и соодветно повикува на вподобување и пресликување на сликата, новиот разлогосен нелик, во нашиот живот. Сликата и бојата тука се појавува за да ја земе на себе задачата на разнебитување и уништожување на битието во нас, и, спротивно на православната икона, да нè повлече, наместо во постоење, во непостоење... убедувајќи нè дека е неопходно, за да бидеме прифатени, за да *комуницираме и да се соборнизираме,* да сведочиме за таа без-образно (безлично, без-прволично) разнебитена слика надвор од нашите домови, на улиците, секаде... така што ќе је ископираме врз себе, во нашето однесување и изглед, говор и ритам на живеење. *Слика на сликата која не постои.* Ритам на музиката која е аритмија, култ на обескултурувањето, образ на безобразието и постоење во живот кој го нема...

Повторно сме на крајот... Денеска. Како сега ние овде да се одбраниме од *сликите,* неподвижни или подвижни, снимени или живи, *кои што не се слики*? Бидејќи очигледно не се слични на Ликот, на Образот, на Творецот... Како да се одбраниме од *сликите,* кои ја имаат страотната моќ на обессликувањето, на разобликувањето?

Така што, би рекол некој добар духовник, постојано ќе си спомнуваме за Убавината на Прволикот во нас. На секој можен начин. Теоретски (Богогледателно) и практично, молејќи Го во нас да ја изобрази сликата на својата Неминлива Красота. И тоа е одговор кој нè приближува кон согледувањето на своето лично доживување на Ликот Христов, Кој Е живот вечен. Доволно за секого од нас.

А што се однесува до општеството, до медиумите, до културата и уметноста... како да бидеме слушнати, чуени, да се издвоиме и да нè забележат среде десетиците илјадници зборови, слики, кои непрестајно, слично на какофонија во главата на душевно болен човек, без престан татнат низ весниците, радиото, телевизијата, музеите и галериите, киносалите - (секоја чест на малубројните кои сеуште се трудат да останат неизвалкани во својата понуда) - во потрага по консументи кои ќе ги одведат кон обезличување?

Нема единствен одговор. Но мора да се почне, да се дава отпор. За поздравување е секој обид, секој напор, колку и да е мал и наизглед безначаен. *Ако некој напои еден од нив со чаша студена вода во Мое име...* Само, да се има предвид, дека тајната не смее да се обестајни, да се стави буквално пред гледачот како во директен пренос, и навидум да му се задоволи жедта за Убавото. Убавото бара лично присуство и напор, учество и труд, бидејќи плодовите доаѓаат по извесно време, така и филмот (или фотографијата, или скулптурата, или музиката) не би требало да се обидуваат да ја наситат жедта на трагателот по убаво за потоа тој да остане дома, туку во молитва и смирение да се обидат истата таа жед да ја зголемат и насочат кон вистинскиот Извор, преданието на Црквата, во нејзината вечно жива и Евхаристиска соборност, која и самата нè води и приведува кон вечниот Живот.

